Funded by the European Union

Регионална програма за стратешка комуникација за Западен Балкан („WeBalkans“)



Duration: 01.01.2024 - 31.12.2027

Countries:
Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија, Црна Гора

EU contribution: € 5 196 778

Total budget: € 5 196 778

Implementer:
WeGlobal

Website(s): webalkans.eu/en/

Social media:
facebook.com/webalkans.eu, instagram.com/webalkans_eu/, https://x.com/WeBalkans, linkedin.com/company/webalkans/, flickr.com/photos/193092213@N08/

Project description:

Регионалната програма за стратешка комуникација за Западен Балкан е осмислена со цел да им помогне на граѓаните подобро да ја разберат улогата на Европската Унија во нивниот регион. Програмата го истакнува влијанието на политиките, инвестициите и вредностите на ЕУ врз секојдневниот живот – од проектите за инфраструктура до областа на образованието и деловните можности.

Програмата спроведува комуникациски кампањи, соработува со локалните медиуми и активно ги вклучува младите преку мрежата на Млади европски амбасадори. Таа учествува и во борбата против ширењето дезинформации и се залага точните информации за процесот на пристапување кон ЕУ навремено да стигнат до јавноста. Преку дигитални алатки и истражување на јавното мислење се креираат поефективни пораки, додека соработката со инфлуенсерите и новинарите овозможува поширок досег и подобра видливост.

Целта е поддршката од ЕУ да се направи повидлива, да се поттикнат информирани дискусии и да се изградат посилни врски меѓу Западен Балкан и ЕУ. Проектот „СМС фасилити“ („SMS Facility“) ги поддржува малите локални медиуми од Западен Балкан, обезбедувајќи финансирање, обука и застапување за подобрување на квалитетот на содржината, одржливоста и независноста на медиумите. Има за цел да им помогне на 120 медиуми, нудејќи им два вида грантови: мали грантови за создавање квалитетна содржина и мали грантови за технички/организациски интервенции.

Expected results:

Од Регионалната програма за стратешка комуникација за Западен Балкан се очекуваат следниве резултати:
• Зголемена јавна свест за улогата на ЕУ како главен донатор, инвеститор и партнер во регионот.
• Посилна поддршка за вредностите и политиките на ЕУ, со поголемо разбирање на придобивките од членството во Европската Унија.
• Поголемо вклучување на граѓаните во јавните дебати, особено меѓу младите, преку иницијативи како што е мрежата на Млади европски амбасадори.
• Поефикасно справување со дезинформациите, со што ќе се овозможи јавноста да добива информации кои се темелат на факти и произлегуваат од доверливи извори.
• Поцврсти медиумски партнерства, кои ќе овозможат поширока и поквалитетна покриеност на проектите и иницијативите финансирани од ЕУ.
• Подобра јавна перцепција за ЕУ, преку опипливи приказни што јасно го прикажуваат нејзиното влијание врз секојдневниот живот на граѓаните.
• Редовни истражувања на јавното мислење, кои обезбедуваат увид во ставовите на граѓаните и придонесуваат да се осмислат поефикасни комуникациски стратегии.
• Покоординирана и стратешка комуникација, со подобри алатки за Делегациите на ЕУ и Генералниот директорат за соседство и преговори за проширување (ДГ НЕАР) на Европската комисија.
• Проширена дигитална комуникација, со користење на онлајн платформите и социјалните мрежи за да се постигне максимално влијание.
• Поблиски врски меѓу ЕУ и Западен Балкан, со цел да се зајакне довербата и да се зголеми вклученоста во процесот на интеграција.